**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**За: д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ, Директор**

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РС Македонија" бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), се доставува

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 30.04.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 11 | 1963/1 | | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**

**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

**1. Програмскиот надзор се врши како:** **<u>редовен</u>**

**2. Субјект на надзорот:** Друштво за услуги СВОД МАСТЕР ДОО Скопје.

**3. Датум на извршување на надзорот:** 30.04.2026 година.

**4. Предмет на надзорот:** Редовниот програмски надзор ги опфаќа обврските на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање кои произлегуваат од член 60 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**"Уделот на европски дела во каталозите на програми на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање под јурисдикција на Република Северна Македонија треба да биде најмалку 30% и европските дела треба да се позиционираат во каталогот на програми на начин да бидат соодветно видливи"**

**5. Констатации од надзорот:** **<u>При извршениот програмски надзор не се констатирани прекршувања.</u>**

5.1 Друштвото за услуги СВОД МАСТЕР ДОО на 01.04.2026 година достави Образец за европски аудиовизуелни дела во кој се евидентирани сите содржини кои овој субјект ги имал во каталогот на својата платформа GLEY во текот на календарската 2025 година.

Согласно доставените податоци, констатирано е следното:

| | |
|---|---|
| Вкупен број на наслови во каталог | 438 |
| Европски аудиовизуелни дела | 250 |
| Удел на европски дела во каталогот (во %) | 57 % |

Со оглед на тоа дека утврдениот процент значително го надминува законскиот минимум од 30%, може да се констатира дека давателот ја исполнува обврската во однос на застапеноста на европските дела во каталогот.

5.2 Врз основа на извршен увид во понудата на платформата GLEY, констатирано е дека давателот има воспоставено посебни категории („ленти“) за европски дела, и тоа одделно во рамки на групата филмови и групата серии.

Со ваквото структурирање на каталогот, европските дела се јасно издвоени и означени, што придонесува кон нивна зголемена видливост и полесен пристап за корисниците. Ова решение е во функција на исполнување на обврската за промоција на европски дела, односно на нивно соодветно позиционирање во каталогот.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**